**ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ**

ул. „11 Октомври“ бр.18, Скопје 1000, Република Македонија

тел: 02/32 35 730
факс: 02/32 96 901
е-пошта: info@fodsk.org.mk
www.fodsk.org.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ДЕЛОВНА АКТИВНОСТ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ ПЕРИОД (01.01.2016 ДО 30.06.2016 ГОДИНА)

**Скопје, јули, 2016 година**

# РЕЗИМЕ

Во првиот семестар од 2016 година продолжи солидниот раст на македонската економија која се карактеризира со раст на БДП од 2% (прв квартал, 2016 година), раст на индустриско производство од негативни 0,7% во јануари, 2016 година на 18,7% во мај, 2016 година, намалување на стапката на невработеност на 24,5%, зголемување на стапка на вработеност за 2,5% во првиот квартал на 2016 година споредено со првиот квартал на 2015 година и 0% стапка на инфлација во јуни, 2016 година. Банкарскиот сектор останува со релативно високо ниво на отпорност на шокови што дополнително е потврдено преку тестирања на отпорност на македонскиот банкарски систем на неповолни движење во макроекономското опкружување работено според две негативни макроекономски сценарија (хипотетичко и историско). Ликвидноста, профитабилноста и кредитната активност на банките и во овој шестмесечен период останува на значајно ниво.

Ефектите на домашните политички случувања имаа влијание врз активностите на банкарскиот систем во првиот семестар на 2016 година преку забавен раст на депозитите додека во периодот април и мај, 2016 година е забележано намалување на депозитната маса за 1,7% односно 1.9% во однос на претходниот месец. Трендот на раст на долгорочното штедење беше прекинат, така што во порастот на депозитите најзастапени беа депозитите по видување но и девизните депозити што од своја страна укажува на забавување на процесот на денаризација на депозитната активност. Мерките на НБРМ за стабилизирање на движењата на девизниот пазар и депозитната база на банките го дадоа својот ефект и во месец јуни, 2016 година покажа тренд на раст на депозитите од 0,3% во однос на претходниот месец што преставува сигнал за постепено стабилизирање на согледувањата на економските субјекти. Доколку се задржи овој тренд на раст, годишната стапка на раст на депозитите ќе се корегира на ниво од 3,7% што е малку пониско од планираните 4% но сепак значајно поповолно од предвидувања од месец април, 2016 кога ефектите на неизвесноста околу политичката состојба во земјата го имаа најсилното влијание врз банкарскиот систем.

Инвестициското портфолио на Фондот и во првиот семестар на 2016 година бележи континуирано зголемување за 760.000.000 денари, што преставува раст од 5,83% во однос на состојбата од 31.12.2015 година односно 15,36% во однос на состојбата од 30.06.2015 година. Просечното месечно зголемување изнесува 126,7 милиони денари. Дополнително продолжи растот на стапката на покриеност на депозитите која во месец јуни изнесуваше 6,37% што се должи пред се на континуираното оплодување на средствата на Фондот, а во некои месеци и поради намалување на вкупните депозити.

Во овој период, продолжи растот на обесштетување на штедачи од банки и штедилници кај кои настанал ризичен настан во минатото (стечај или ликвидација), со што заклучно со 30.06.2016 година изнесува 90%. Фондот дополнително превзема мерки за информирање на штедачите за можноста за обесштетување за оние штедачи кои се уште не побарале остварување на правото за обесштетување.

Редовните активности на Фондот, за модернизација на деловните процеси преку воведување на напредна технологија како и организациска поставеност се одвиваа со редовна динамика и продолжуваат со несмален интензитет и во наредниот период.

Директор,
Горан Анчески, МБА

# I. ДВИЖЕЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (01. 01 – 01.06.2016)

На крајот на месец јуни, 2016 година, вкупниот износ на депозити на населението во банкарскиот сектор во Република Македонија изнесуваше 215.722.335 илјади денари што претставува зголемување за 0,3% во однос на претходниот месец. После два последователни месеци на намалување на депозитната база на домаќинствата од 1,7% односно 1,9%, на крајот на првиот семестар евидентиран е циклус на раст на депозитите што дава индиција за заздравување на трендот за раст на депозитите. (Графикон 1)

Графикон 1: Месечни движења на депозитите на население за 2015 и 2016 година (во апсолутен износ)




Извор: Административни податоци на ФОД

Дополнителните анализи на движењата на месечниот раст на депозитната база на населението укажува на месечни флуктации на раст и намалување кои се најизразени во месец декември, 2015 година со раст од 1,7% во однос на претходниот месец по што се забележува незначително намалување во месец јануари, 2016 година од 0,1% и стабилен раст во наредните месеци. Сепак неизвесноста од домашните политички случувања како и јакнењето на перцепцијата на јавноста изразена преку низа шпекулативни информации изврши влијание на согледувањата на населението и во месец април и мај, 2016 година предизвика значително намалување на депозитната база за 1,7% односно 1,9% со што се наметна потребата за воведување на низа на монетарни мерки кои се превземаа од страна на Народната банка на Р. Македонија. Мерките на НБРМ дадоа први позитивни сигнали во месец јуни, каде по двомесечен пад на депозитите се забележува првото зголемување на депозитната база на население за 0,3% во однос на претходниот месец. (Графикон 2).

Графикон 2: Стапка на движење (раст/пад) на депозитна база по месеци 30.06.2015-30.06.2016 година (изразена во %)




Извор: Административни податоци на ФОД

Историските податоци за движење на депозитите на полугодишен период за 3 (три) последователни години односно 2014, 2015 и 2016 година потврдуваат дека

Графикон 3: Полугодишен тренд на движење на депозити 2014-2016 (изразен во %)




Извор: Административни податоци на ФОД

полугодишниот раст бил највисок во 2014 година од 4% по што се намалува на блиzу 1% во 2015 година и има негативен прираст во 2016 година од 2,5% (Графикон 3). Сепак, позитивните тренд на раст кој се јавува во месец јуни, 2016 година од 0,3% дава сериозна индиција и влијае поволно на анализата на идните трендови со што ја зајакнува претпоставката дека доколку се задржи истото темпо на раст и во наредниот шестмесечен период ќе се оствари годишен раст на депозитите од 3,7%. Табеларниот приказ на движењето на депозитите на населението во период 30.06.2015 – 30.06.2016 изразен во денари и евра е даден во Прилог 1 на овој извештај.

Учеството на денарски и девизни депозити во однос на вкупните депозити на население укажува на забавување на процесот на денаризација на депозитната

активност посебно истакната во месеците март, април, мај и јуни, 2016 година во кои месеци се намалуваат денарските депозити а се зголемува учеството на девизните депозити од 48,2% на 49,8% (Графикон 4).

Графикон 4: Учество на денарски и девизни депозити во вкупни депозити на население за период 30.06.2015-30.06.2016 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Дополнителната анализа на учеството на депозитите по видување и орочените депозити во однос на вкупните депозити на население укажува на прекин на трендот на раст на долгорочното штедење односно намалување на орочените депозити за 4% во однос на 31.12.2015 година и зголемување за 1% на депозитите по видување во однос на истиот период. (Графикон 5).

Графикон 5: Учество на депозити по видување и орочени депозити во вкупни депозити на население за период 30.06.2015-30.06.2016 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Анализата на кварталните движења на депозитите на населението каде истите се групирани според законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити, т.е. до и над 30.000 евра во денарска противвредност дава сигнал на намалување на учеството на депозитите до 30.000 евра во однос на вкупните депозити од 59,8% во првиот квартал на 2015 година на 58,9% во првиот квартал на 2016 година и следствено зголемување на депозитите над 30,000 евра во однос на вкупните депозити од 40,2% во првиот квартал, 2015 година на 41,1% во првиот квартал, 2016 година. (Графикон 6).

Графикон 6: Квартални движења на учество на депозити депозитите на населението до и над 30.000 евра во денарска противвредност во однос на вкупни депозити на население изразено во % (IQ, 2015 - IQ, 2016 год)




Извор: Административни податоци на ФОД

Трендот на намалување на депозити до 30.000 евра и зголемување на депозити над 30.000 евра се задржува и при поединечната анализа на депозитите по банки каде учеството на депозитите до 30.000 евра се намалува од 59,7% (IQ, 2015) на 58,8% (IQ, 2016) и следствено се зголемува учеството на депозитите над 30.000 евра од 40,3% (IQ, 2015) на 41,2% во првиот квартал на 2016 година (Графикон 7) додека пак кај штедилниците интересен е наодот дека трендот на намалување на депозити до 30.000 евра се задржува во 2015 година но истиот бележи раст во првиот квартал на 2016 година на ниво од 83,8% споредено со последниот квартал од 2015 година кога учеството било 83,4%. Следствено трендот на зголемување на учеството депозити над 30,000 евра во однос на вкупните депозити кај штедилниците е прекинат во првиот квартал на 2016 година и изнесува 16,6% споредено со последниот квартал на 2015 година кога учеството изнесувало 16,2% (Графикон 8).

Оваа состојба ќе биде предмет на дополнителна опсервација на Фондот во наредниот период од причина што истата може да индицира состојба на слаба информираност на населението за законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити и следствено нивното искористување на правото на

обесштетување во случај на ризичен настан (стечај или ликвидација) кај банка или штедилница.

Графикон 7: Учество на депозити до и над 30.000 евра во вкупни депозити изразено во % кај банките (2015-IQ, 2016 год)




Извор: Административни податоци на ФОД

Графикон 8: Учество на депозити до и над 30.000 евра во вкупни депозити изразено во % кај штедилниците (2015 - IQ2016 год)




Извор: Административни податоци на ФОД

Во прилог 2 се содржани табеларни податоци на кварталните движења на депозитите на населението според законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити до и над 30.000 евра во денарска противвредност и приказ на бројот на штедачи кај банките и штедилниците – членки на Фондот во апсолутен износ.

Наплатата на премиите во текот на прввиот семестар во 2016 година се одвиваше според редовните процедури, по законски утврдена стапка од 0,5% на годишно ниво и истата го следи движењето на вкупните депозити на населението со што во јуни, 2016 година е наплатен понизок износ на премија за 2,7% во однос на јануари, 2016 година од причина што наплатата на премија во месец јуни се однесува на состојба на сметка на депозити на население во банки и штедилници заклучно со 31.05.2016 година во кој период се јавува намалување на состојбата на депозити кај населението (Графикон 9).

Графикон 9: Движење на износ на премии за период 30.06.2015-30.06.2016 година (во милиони денари)




Извор: Административни податоци на ФОД

Стапка на покриеност на депозитите (вкупно средства на Фондот во однос на вкупно депозити) и во првиот семестар на 2016 година продолжува да расте на ниво од 6,37% во месец јуни, 2016 година што се должи пред се на континуираното оплодување на средствата на Фондот, а во некои месеци и поради намалување на вкупните депозити (Графикон 10).

Графикон 10: Движење на стапка на покриеност за период 30.06.2015-30.06.2016 година




Извор: Административни податоци на ФОД

# II. ИНВЕСТИЦИСКО ПОРТФОЛИО НА ФОНДОТ (01. 01 – 01.06.2016)

Инвестициското портфолио на Фондот и во првиот семестар на 2016 година бележи континуирано зголемување што соодветствува на прибраните средства на Фондот по основ на премии од неговите членки и на приходите по основ на инвестираните средства во хартии од вредност.

Графикон 11: Структура на инвестициско портфолио




Државни записи со рок на достасување од 364 дена учествуваат со 76,95% во однос на вкупното инвестициско портфолио на Фондот додека пак учеството на државни записи со рок на достасување од 182 дена е 23,05% (Графикон 1).

На 30.06.2016 година вкупната состојба на инвестирани средства изнесува 13.798.000.000 денари според нивната номинална вредност односно 13.601.214.067 денари според нивната сегашна вредност (Графикон 12).

Во текот на изминатите шест месеци инвестициско портфолио бележи зголемување за 760.000.000 денари, или за 5,83% во однос на состојбата од 31.12.2015 година односно 15,36% во однос на состојбата од 30.06.2015 година. Просечното месечно зголемување изнесува 126,7 милиони денари.

Графикон 12: Движење на инвестициско портфолио јуни,2015- јуни,2016




Извор: Административни податоци на Фондот

Фондот учествуваше на девет аукции на државни записи од Министерството за финансии во согласност со Инвестиционата политика на Фондот за осигурување на депозити односно вкупниот износ на инвестициското портфолио на Фондот не надмина 99,00% од збирот на состојбата на вкупните парични средства и состојбата на хартиите од вредност на Фондот на крајот на секој месец. Во однос на планираните пласмани на средства во државни записи во периодот од 01.01.2016 до 30.06.2016 година, индексот изнесува 99,91%, што претставува усогласеност со планот, додека пак незначителната разлика се должи на купувањето на 6-месечни државни записи во јуни, наместо планираните 12-месечни записи. Во референтниот период немаше измена на каматните стапки на записите со рок на доспевање од 364 денови, која изнесуваше 2,6% , а каматната стапка на 6-месечните записи изнесува 2,3% на годишно ниво. Приходот на Фондот по основ на камата од новите записи во овој период изнесува 56.113.883 денари, а трошоците за провизија за банките-посредници на аукциите изнесува 315.000 денари (35.000 денари за една аукција).

# III. ОБЕШТЕТУВАЊЕ НА ШТЕДАЧИТЕ ВО ЧЛЕНКИ НА ФОНДОТ КАЈ КОИ СЕ СЛУЧИЛ РИЗИЧЕН НАСТАН (СТЕЧАЈ ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА)

Обесштетувањето на штедачи во членки на Фондот кај кои настанал ризичен настан (стечај или ликвидација) е една од трите основни деловни активности на Фондот и истата во првата половина на 2016 година се извршуваше непречено.

Во текот на првата половина на 2016 година немаше ризичен настан кај членките на Фондот со што обврските на Фондот за обесштетување на штедачи продолжија да се реализираат за ризични настани кои настанале во минатото.

Од формирањето на Фондот во јануари 1997 година до 30.06.2016 година, се случиле вкупно 11 ризични настани. Вкупната пресметана обврска за обесштетување од единаесетте поранешни членки на Фондот изнесува 1.522,8 милиони денари. Од 1997 година до 30.06.2016 година се обесштетени вкупно 19.997 штедачи во вкупен износ од 1.368,4 милиони денари што претставува близу 90% исплатени обврски од Фондот за обесштетување кон штедачите. Останатите 10% претставуваат обврска за обесштетување во вкупен износ од 154,4 милиони денари кон 101.952 штедачи кои од лични причини не го оствариле своето право на обесштетување од Фондот (Табела 1). Анализата на структурата на овие штедачи укажува дека над 50% од нив имаат поединечни депозити - предмет на обесштетување помеѓу 100 денари и 1.000 денари кои поради можната незначителност на износот и покрај бројните јавни повици за можноста да го остварат своето право на обесштетување сепак истото не го остваруваат. Воедно, дополнителната анализа на структурата на штедачи кои се уште не го оствариле своето право на обесштетување укажува дека значителен дел од неисплатените обесштетувања се кон наследници на депоненти во Македонска банка АД Скопје во стечај кои се претпоставува дека не се во Македонија односно се на работа во странство.

Сепак, заради заштита на правото на штедачот за обесштетување Фондот за осигурување на депозити превзема активности за измена на регулативата со што се измени рокот за остварување на право на обесштетување и истото според новата легислативна рамка не застарува и може да се оствари во било кој нареден период независно од периодот кога настанал ризичниот настан.

Табела 1 - Приказ на обесштетување на депонентите кај членките на Фондот кај кои се случил ризичен настан до 30.06.2016

| | Банка/штедилница | Вкупно депозити | Пресметано обесштетување | Исплатено обесштетување до 31.12.2015 | Исплатено обесштетување до 30.06.2016 | % исплатено / пресметано |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Унипроком штедилница д.о.о. Скопје | 7.881.535 | 5.118.309 | **4.919.528** | **4.919.528** | 96,1% |
| 2 | Алмако банка а.д. Скопје | 2.850.307 | 1.784.964 | **381.205** | **381.205** | 21,4% |
| 3 | Мит штедилница д.о.о. Куманово | 6.790.124 | 6.769.326 | **6.767.552** | **6.767.552** | 100% |
| 4 | Експорт Импорт банка а.д. Скопје | 106.227.033 | 95.608.486 | **92.386.607** | **92.386.607** | 96.6% |
| 5 | АД Радобанк Скопје | 86.224.736 | 76.005.556 | **72.412.381** | **72.412.381** | 95,3% |
| 6 | Штедилница Киро Ќучук д.о.о. Велес | 3.351.082 | 3.318.630 | **3.239.487** | **3.239.487** | 97.6% |
| 7 | Македонска банка АД Скопје | 1.543.168.575 | 1.304.590.349 | **1.157.965.892** | **1.158.807.570** | 88,8 |
| 8 | Инко штедилница ДОО Скопје | 11.927.740 | 11.771.613 | **11.558.027** | **11.630.312** | 98,8% |
| 9 | Фершпед штедилница ДОО Скопје | 6.218 | 6.218 | **0** | **0** | 0 |
| 10 | Штедилница АМ Скопје | 0 | 0 | **0** | **0** | 0 |
| 11 | Штедилница Интерфалко ДОО Скопје | 17.832.485 | 17.832.485 | **17.824.557** | **17.824.557** | 100% |
| | **Вкупно** | **1.786.259.835** | **1.522.805.936** | **1.367.455.236** | **1.368.369.198** | **89,9%** |

Воедно, Фондот за осигурување на депозити во текот на првата половина на 2016 година, во улога на доверител со приоритетно право на наплата, учествуваше на сите седници на Одборите на доверители во две банки во стечај, Експорт – Импорт Банка а.д. Скопје во стечај и Радо банк а.д. Скопје во стечај

# IV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ (01. 01 – 01.06.2016)

**Остварени финансиски резултати за период 01.01-30.06.2016 година**

Финансиски резултати Фондот за осигурување на депозити во првата половина од годината се во рамки на планираната динамика и нема одстапувања и остварени се како што следи:

Табела бр.9
Финансиски резултати на Фондот
01.01.2016 до 30.06.2016 година *во денари*

| Опис | |
|---|---|
| Приходи | 142.491.388 |
| Расходи | 6.452.600 |
| Бруто добивка | 136.038.788 |
| Данок на добивка | 13.603.879 |
| Нето добивка | 122.434.909 |

*Извор: Фонд за осигурување на депозити*

Табела бр.10
Состојба на средствата и обврските на Фондот
на 30.06.2016 година *во денари*

| Опис | |
|---|---|
| **Средства** | **13.766.994.606** |
| *Вложувања* | 13.601.214.067 |
| **Капитал, резерви и обврски** | **13.766.994.606** |
| *Резерви на сигурност* | 13.631.901.852 |

*Извор: Фонд за осигурување на депозит*

Реализација на финансиски план во периодот од 01.01. до 30.06.2015

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**на ден 30,06,2016 година**

,(000)

| Опис | Состојба 31,12,2015 | % | План 31,12,2016 | % | Состојба 30,06,2016 | % | Индекс 6/2 | Индекс 6/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **СРЕДСТВА** | **13,092,173** | **100.00** | **14,466,941** | **100.00** | **13,766,995** | **100.00** | **105.15** | **95.16** |
| *Нематеријални срества* | *0* | *0.00* | *741* | *0.01* | *106* | *0.00* | *0* | *14.30* |
| Софтвер, Веб страна | 0 | 0.00 | 741 | 0.01 | 106 | 0.00 | 0 | 14.30 |
| | | | | | | | | |
| *Материјални средства* | *23,801* | *0.18* | *24,685* | *0.17* | *25,324* | *0.18* | *106.40* | *102.59* |
| Недвижности | 23,497 | 0.18 | 22,688 | 0.16 | 23,093 | 0.17 | 98.28 | 101.79 |
| Опрема | 304 | 0.00 | 1,997 | 0.01 | 2,231 | 0.02 | 733.88 | 111.72 |
| | | | | | | | | |
| *Материјални* | *0* | *0.00* | *0* | *0.00* | *244* | *0.00* | *0* | *0* |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *средства во подготовка* | | | | | | | | |
| Опрема во подготовка | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 244 | 0.00 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | |
| *Превземени материјални средства* | *0* | *0.00* | *0* | *0.00* | *369* | *0.00* | 0 | 0 |
| Превземени материјални средства | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 369 | 0.00 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | |
| *Вложувања* | *12,925,797* | *98.73* | *14,290,290* | *98.78* | *13,601,214* | *98.80* | *105.23* | *95.18* |
| шестмесечни записи | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 3,149,273 | 22.88 | 0 | 0 |
| Дванаесетмесечни записи | 12,925,797 | 98.73 | 14,290,290 | 98.78 | 10,451,941 | 75.92 | 80.86 | 73.14 |
| | | | | | | | | |
| *Парични средства, побарувања, разграничувања* | *142,575* | *1.09* | *151,225* | *1.05* | *139,738* | *1.02* | *98.01* | *92.40* |
| Парични средства | 137,322 | 1.05 | 151,169 | 1.04 | 136,414 | 0.99 | 99.34 | 90.24 |
| 1.Жиро сметка | 137,316 | 1.05 | 151,163 | 1.04 | 136,386 | 0.99 | 99.32 | 90.22 |
| 2.Благајна | 6 | 0.00 | 6 | 0.00 | 28 | 0.00 | 466.67 | 466.67 |
| Побарувања | 5,218 | 0.04 | 0 | 0.00 | 3,314 | 0.02 | 63.51 | 0 |
| 1.Побарувања по основ премии | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 3,314 | 0.02 | 0 | 0 |
| 2.Останати побарувања | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0 |
| 3.Аконтации на данок на добивка | 5,218 | 0.04 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0.00 | 0 |
| Разграничувања | 35 | 0.00 | 56 | 0.00 | 10 | 0.00 | | |
| 1.АВР | 35 | 0.00 | 56 | 0.00 | 10 | 0.00 | 28.57 | 17.86 |
| | | | | | | | | |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **13,092,173** | **100.00** | **14,466,941** | **100.00** | **13,766,995** | **100.00** | **105.15** | **95.16** |
| *Капитал и резерви* | *13,091,897* | *100.00* | *14,464,525* | *99.98* | *13,764,637* | *99.98* | *105.14* | *95.16* |
| Уплатен капитал | 10,300 | 0.08 | 10,300 | 0.07 | 10,300 | 0.07 | 100.00 | 100.00 |
| Фонд за сигурност | 12,856,800 | 98.20 | 14,183,135 | 98.04 | 13,631,902 | 99.02 | 106.03 | 96.11 |
| Добивка за годината | 224,797 | 1.72 | 271,090 | 1.87 | 122,435 | 0.89 | 54.46 | 45.16 |
| | | | | | | | | |
| *Тековни обврски* | *276* | *0.00* | *2,416* | *0.02* | *2,358* | *0.02* | *854.35* | *97.60* |
| Обврски за Штети | 8 | 0.00 | 8 | 0.00 | 8 | 0.00 | 100.00 | 100.00 |
| Останати обврски | 268 | 0.00 | 2,408 | 0.02 | 2,350 | 0.02 | 876.87 | 97.59 |
| 1.Останати краткорочни обврски | 268 | 0.00 | 2,408 | 0.02 | 57 | 0.00 | 21.27 | 2.37 |
| 2.ПВР | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0 |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**за период од 01,01, до 30,06,2016 година**

(000)

| Опис | 01,01-31,12,2015 | % | План 31,12,2016 | % | 01,01-30,06,2016 | % | Индекс 6/2 | Индекс 6/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **ПРИХОДИ** | **261,670** | **100.00** | **316,445** | **100.00** | **142,491** | **100.00** | **54.45** | **45.03** |
| 1.Државни записи - Шестмесечни | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 5,824 | 4.09 | 0 | 0 |
| 2.Државни записи - дванаесетмесечни | 260,784 | 99.66 | 316,157 | 99.91 | 136,579 | 95.85 | 52.37 | 43.20 |
| 3.Депозити по видување-НБРМ | 872 | 0.33 | 288 | 0.09 | 80 | 0.06 | 9.17 | 27.78 |
| 4.Депозити по видување-деловни банки | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0 |
| 5.Казнена камата по основ премии | 14 | 0.01 | 0 | 0.00 | 8 | 0.01 | 57.14 | 0 |
| 6.Камата од банки исплатувач | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0 |
| 7.Позитивни курсни разлики | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0 |
| 8.Вонредни приходи | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | |
| **РАСХОДИ** | **11,887** | **100.00** | **15,205** | **100.00** | **6,452** | **100.00** | **54.28** | **42.43** |
| 1.ТроШоци за услуги | 1,137 | 9.57 | 1,676 | 11.02 | 856 | 13.27 | 75.29 | 51.07 |
| 2.Амортизација и обезвреднување | 972 | 8.18 | 1,532 | 10.08 | 614 | 9.52 | 63.17 | 40.08 |
| 3.Материјални троШоци | 661 | 5.56 | 891 | 5.86 | 356 | 5.52 | 53.86 | 39.96 |
| 4.Останати троШоци од работа | 1,080 | 9.09 | 1,185 | 7.79 | 619 | 9.59 | 57.31 | 52.24 |
| 5.ТроШоци за вработените | 8,037 | 67.61 | 9,921 | 65.25 | 4,007 | 62.10 | 49.86 | 40.39 |
| 6.Негативни курсни разлики | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0 |
| | | | | | | | | |
| **Бруто добивка** | **249,783** | | **301,240** | | **136,039** | | **54.46** | **45.16** |
| **Данок на добивка** | **24,986** | | **30,150** | | **13,604** | | **54.45** | **45.12** |
| **Нето добивка** | **224,797** | | **271,090** | | **122,435** | | **54.46** | **45.16** |

# V. РЕДОВНИ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ (01.01 – 30.06.2016)

## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Во периодот од 01.01.2016 година до 30.06.2016 година се одржаа 3 седници на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, и тоа од 95-та седница заклучно со 98-та седница.

Од седниците и работата на Управниот одбор во текот на 2016 година беа донесени следниве одлуки:

- Одлука за измена на Правилникот за систематизација на на работните места во Фондот за осигурување на депозити (истата се однесуваше на измена на шифрите на работните места)
- Одлука за отпис на основни средства
- Одлука за усвојување на Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2015 година
- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2015 година
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2015 година
- Одлука за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2015 година
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити на 31.12.2015 година
- Одлука за набавка на основно средство – проектор за потребите на Фондот за осигурување на депозити
- Одлука за висната на надоместокот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити
- Одлука за усвојување на Планот за јавните набавки на Фондот за осигурување на депозити за 2016 година
- Одлука за потреба од јавна набавка на моторно возило за потребите на Фондот за осигурување на депозити

- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис на имотот и обврските на Фондот за осигурување на депозити со состојба на 31.12.2015 година
- Одлука за расходување на ситен инвентар

Законската регулатива со која се уредува работењето на Фондот имаше измена објавена во Службен весник број 27 од 15 февруари 2016 година, која се однесува на меѓународните признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик од страна на директорот на Фондот, односно познавањето на "АПТИС со најмалку ниво Б2" со интервенцијата во Законот за Фондот за осигурување на депозити, повеќе не е во важност.

Во текот на првата половина на 2016 година, Фондот изврши измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за осигурување на депозити односно се изврши измена на шифрите на работните места согласно препораките од Министерството за информатичко општество и администрација.

Исто така, во првата половина на тековната 2016 година директорот на Фондот за осигурување на депозити и Синдикалната организација при Фондот за осигурување на депозити на 10.02.2016 година склучија нов Колективен договор на Фондот за осигурување на депозити, со кој се уредија правата и обврските од работниот однос на вработените во Фондот за осигурување на депозити во согласност со Законот за работните односи и членот 15 а и 15 б од Законот за Фондот за осигурување на депозити. Дополнително, за цели на поставување на легитимна репрезентативност на страните потписнички на новиот колективниот договор, се воспостави Синдикат на вработени на ниво на Фондот за осигурување на депозити и негово приклучување кон Синдикатот на финансиски организации на Македонија.

Колективниот договор ги уреди сите аспекти на правата и обврските од работниот однос на вработените во Фондот освен постапката за вработување за која е предвидено истата да се спроведува согласно важечките прописи од Законот за административни службеници. Следејќи ја истата во првата половина на 2016 година, Фондот го достави Годишниот план за вработување за 2016 година на одобрување до Министерство за информатичко општество. Во првиот семестар од 2016 година нема промена на бројот на вработени во Фондот.

## ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ФОНДОТ

Воедно, продолжија активностите за континуирани подобрување на деловните процеси во Фондот преку воспоставување на менаџмент информационен систем со кои ќе се автоматизираат процесите за финансиски менаџмент, осигурување на депозити и обесштетување на штедачи во банки кај кои настанал ризичен настан како главни функции на Фондот но истиот ќе вклучува и модул за управување со човечки ресурси како и модул за статичка анализа и симулација на идни трендови со што би се зајакнал процесот на планирање во Фондот.

Притоа, во референтниот период се направија измена на системските и оперативните процедури според ИСО 9001-2008 со што се поедноставија постапките кои вработените ги следат при користење на алатките за управување со квалитет. Воедно, утврдено е во наредниот период да се пристапи кон транзиција кон поновиот стандард ИСО 9001-2015 со што би се извршила целосно усогласување на постојниот систем за управување со квалитет кон најновите трендови во областа.

Дополнително, беше дизајнирана нова веб страна со цел подобрување на комуникацијата со јавноста за состојбите поврзани со Фондот за осигурување на депозити.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на првата половина на 2016 година продолжи редовната соработка на Фондот со Фондовите за осигурување на депозити од земјите од регионот. Притоа, следствено на двата претходни состаноци одржани во Р. Хрватска и Р. Босна и Херцеговина во 2015 година, членовите на Европскиот Форум на осигурители на депозити во март, 2016 година се состанаа во Србија (Златибор) каде ја продолжија соработката за размена на знаење, искуства и најдобри практики на полето на осигурување на депозити. Дополнително, Фондовите за осигурување на депозити од Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Црна Гора и Србија потпишаа заеднички меморандум за разбирање со што се овозможи воспоставување на заедничка платформа со цел застапување на заедничките интереси во меѓународните организации, подобрување на взаемното искуство и експертиза како и продлабочување на соработката за поддршка и учество во целокупната финансиска стабилност во регионот. За исполнување на целите предвидени во заедничката платформа за

соработка беше утврдено дека земјите ќе соработуваат преку размена на релевантни информации за состојбите во националниот финансиски и банкарски сектор, учество во практични вежби за симулација на криза, иницирање на заеднички истражувачки проекти, подобрување на регулаторната рамка и практики, воспоставување на експертски групи, размена на вработени и обука итн.

Значајно да се истакне е дека во месец јуни, 2016 година, Фондот беше домаќин на четвртата ЕФДИ регионална средба на земјите од Балкан која се одржа од 22-24 јуни, 2016 година во Охрид. На оваа средба учество земаат директорите и виски претставници на Фондовите за осигурување на депозити од Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Хрватска и Црна Гора, сите потписници на заедничкиот меморандум за разбирање. На состанокот се разменија искуства и практики за самостојно и кохерентно заедничко дејствување со другите финансиски институции за обезбедување на финансиска стабилност и заштита на депозитите земајќи ги во предвид законски утврдените надлежности на фондовите како и за јакнење на регионалната и билатералната соработка со цел поддршка на целокупната финансиска стабилност на регионот.

Воедно, уште еднаш се истакна задоволството на сите учесници од ваквиот вид на регионална соработка и беше оценето дека истите ќе продолжат и во иднина не само во насока на јакнење на регионалната соработка туку и за размена на искуство и знаење во врска со новините на ниво на ЕУ за развој на Фондовите за осигурување на депозити, усогласување на националното законодавство со ЕУ директивите како и за застапување на меѓусебните интереси во меѓународните организации.

Во наредниот шестмесечен период ќе продолжат со несмален интензитет активности на Фондот и не се предвидени позначајни ризици кои би влијаеле на извршувањето на редовните функции на Фондот.

Прилог 1 - Табеларниот приказ на движењето на депозитите на населението во период 30.06.2015 – 30.06.2016 изразен во денари и евра

Табела бр.2 - Преглед на динамиката на состојбата на депозитите на физичките лица кај банките и штедилниците - членки на Фондот во периодот 30.06.2015 - 30.06.2016 година изразена во илјада денари (евра)

| **Датум** | **30.6.2015** | **31.7.2015** | **31.8.2015** | **30.9.2015** | **31.10.2015** | **30.11.2015** | **31.12.2015** | **31.1.2016** | **29.2.2016** | **31.3.2016** | **30.4.2016** | **31.5.2016** | **30.6.2016** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба(000 ден)** | 214.668.119 | 215.713.276 | 214.769.390 | 216.387.005 | 216.525.312 | 217.576.063 | 221.247.047 | 221.034.840 | 222.227.243 | 223.021.483 | 219.205.407 | 215.108.264 | 215.722.335 |
| **Состојба(000 EUR)** | 3.479.461 | 3.501.685 | 3.491.453 | 3.507.384 | 3.511.624 | 3.531.603 | 3.591.982 | 3.582.540 | 3.602.030 | 3.614.951 | 3.552.900 | 3.486.640 | 3.496.599 |
| *Раст м/м (ден)* | 0 | 1.045.157 | -943.886 | 1.617.615 | 138.307 | 1.050.751 | 3.670.984 | -212.207 | 1.192.403 | 794.240 | -3.816.076 | -4.097.143 | 614.071 |
| *Раст м/м (ЕУР)* | 0 | 22.224 | -10.232 | 15.931 | 4.240 | 19.979 | 60.379 | -9.442 | 19.490 | 12.921 | -62.051 | -66.260 | 9.959 |
| *Раст % м/м (ден)* | *100* | *0,49%* | *-0,44%* | *0,75%* | *0,06%* | *0,49%* | *1,69%* | -0,10% | *0,54%* | *0,36%* | *-1,71%* | *-1,87%* | *0,29%* |
| *Раст % м/м (ЕУР)* | *100* | *0,64%* | *-0,29%* | *0,46%* | *0,12%* | *0,57%* | *1,71%* | *-0,26%* | *0,54%* | *0,36%* | *-1,72%* | *-1,86%* | *0,29%* |
| *Раст М/Y(ден)* | *0* | 1.045.157 | 101.271 | 1.718.886 | 1.857.193 | 2.907.944 | 6.578.928 | 6.366.721 | 7.559.124 | 8.353.364 | 4.537.288 | 440.145 | 1.054.216 |
| *Раст М/Y(EUR)* | *0* | 22.224 | 11.992 | 27.923 | 32.163 | 52.142 | 112.521 | 103.079 | 122.569 | 135.490 | 73.439 | 7.179 | 17.138 |
| *Раст % М/Y(ден.)* | *100* | *0,49%* | *0,05%* | *0,80%* | *0,87%* | *1,35%* | *3,06%* | *2,97%* | *3,52%* | *3,89%* | *2,11%* | *0,21%* | *0,49%* |
| *Раст % М/Y (ЕУР)* | *100* | *0,64%* | *0,34%* | *0,80%* | *0,92%* | *1,50%* | *3,23%* | *2,96%* | *3,52%* | *3,89%* | *2,11%* | *0,21%* | *0,49%* |

Извор на податоци: Фонд за осигурување на депозити

Прилог 2 - Табеларни податоци на кварталните движења на депозитите на населението според законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити

Табела бр.3 - Преглед на кварталните движења на депозитите на населението според законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити до и над 30.000 евра во денарска противвредност и приказ на бројот на штедачи кај банките и штедилниците – членки на Фондот во период прв квартал, 2015 – прв квартал, 2016 изразени во апсолутен износ.

| | Опис | IQ, 2015 | IIQ,2015 | IIIQ, 2015 | IVQ, 2015 | IQ, 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Депозити на население во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 128.250.073.654 | 127.076.677.027 | 126.880.894.325 | 129.644.815.800 | 130.488.044.988 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 86.718.914.851 | 86.762.686.784 | 88.628.997.786 | 90.514.432.690 | 91.397.509.762 |
| | Вкупно | 214.968.988.505 | 213.839.363.812 | 215.509.892.112 | 220.159.248.490 | 221.885.554.751 |
| | Вкупно осигурани депозити до ниво на обесштетување (30.000 евра) | 38.407.340.295 | 38.355.661.902 | 38.945.396.322 | 39.972.496.512 | 40.285.078.716 |
| Број на поединечни штедачи во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 2.834.457 | 2.996.545 | 3.001.411 | 2.869.189 | 3.066.349 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 20.781 | 20.723 | 21.042 | 21.632 | 21.766 |
| | Вкупно | 2.855.238 | 3.017.268 | 3.022.453 | 2.890.821 | 3.088.115 |
| | Вкупно осигурани депозити до ниво на обесштетување (30.000 евра) | 166.657.413.949 | 165.432.338.929 | 165.826.290.647 | 169.617.312.312 | 170.773.123.704 |
| Депозити на население во штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 762.821.137 | 727.341.446 | 726.109.228 | 730.880.109 | 755.013.590 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 131.035.848 | 129.027.197 | 126.138.958 | 145.393.014 | 145.648.897 |
| | Вкупно | 893.856.985 | 856.368.643 | 852.248.186 | 876.273.123 | 900.662.487 |
| | Вкупно осигурани депозити до ниво на обесштетување (30.000 евра) | 109.043.505 | 107.350.692 | 103.647.096 | 116.413.983 | 112.900.386 |
| Број на поединечни штедачи во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 32.329 | 31.624 | 31.307 | 31.155 | 31.034 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 59 | 58 | 56 | 63 | 61 |
| | Вкупно | 32.388 | 31.682 | 31.363 | 31.218 | 31.095 |
| | Вкупно осигурани депозити до ниво на обесштетување (30.000 евра) | 871.864.642 | 834.692.138 | 829.756.324 | 847.294.092 | 867.913.976 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно депозити на население во банки и штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 129.012.894.791 | 127.804.018.473 | 127.607.003.553 | 130.375.695.909 | 131.243.058.578 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 86.849.950.699 | 86.891.713.981 | 88.755.136.744 | 90.659.825.704 | 91.543.158.659 |
| | Вкупно | 215.862.845.490 | 214.695.732.455 | 216.362.140.298 | 221.035.521.613 | 222.786.217.238 |
| | Вкупно осигурани депозити до ниво на обесштетување (30.000 евра) | 38.516.383.800 | 38.463.012.594 | 39.049.043.418 | 40.088.910.495 | 40.397.979.102 |
| Број на поединечни штедачи во банки и штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 2.866.786 | 3.028.169 | 3.032.718 | 2.900.344 | 3.097.383 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 20.840 | 20.781 | 21.098 | 21.695 | 21.827 |
| | Вкупно | 2.887.626 | 3.048.950 | 3.053.816 | 2.922.039 | 3.119.210 |
| | Вкупно осигурани депозити до ниво на обесштетување (30.000 евра) | 167.529.278.591 | 166.267.031.067 | 166.656.046.971 | 170.464.606.404 | 171.641.037.680 |
| Вкупно депозити на население кај членките на Фондот | (извор - членки на Фондот) | 215.862.845.490 | 214.695.732.455 | 216.362.140.298 | 221.035.521.613 | 222.786.217.238 |
| | (извор - НБРМ) | 216.306.354.000 | 214.668.119.000 | 216.387.005.000 | 221.247.047.000 | 223.021.483.000 |
| | разлика | -443.508.510 | 27.613.455 | -24.864.702 | -211.525.387 | -235.265.762 |
| вкупно парични средства на Фондот | | 12.115.147.498 | 12.437.881.592 | 12.746.940.225 | 13.063.119.385 | 13.391.226.129 |

Извор на подaтоци: Фонд за осигурување на депозити